СТ-68/17

ОСНОВНИОТ СУД ВО СТРУГА, со стечајниот судија Лазо Ѓоргоноски, постапувајќи по предлогот на предлагачот Рахим Демири од Струга, за отворање на стечајна постапка према стечајниот должник Трговско друштво за трговија и услуги Демири Рахим ГЕНИ - КОМЕРЦ Струга ДООЕЛ со седиште во Струга, на рочиштето од 19.09.2017 година, го донесе следното:

## **Р Е Ш Е Н И Е**

Стечајната постапка започната према стечајниот должник Трговско друштво за трговија и услуги Демири Рахим ГЕНИ - КОМЕРЦ Струга ДООЕЛ со седиште во Струга, со единствен матичен број на деловниот субјект 5129320, даночен број 4026993113089, со трансакциска сметка број 210-0512932001-43 при НЛБ банка АД Скопје, **СЕ ОТВОРА И СЕ ЗАКЛУЧУВА.**

СЕ НАЛАГА бришење на стечајниот должник од Трговскиот регистар во Централниот регистар на Република Македонија и други соодветни регистри.

СЕ ЗАДОЛЖУВА привремениот стечаен управник затекнатите парични средства на трансакциските сметки на должникот да распредели на трошоците за заклучување на постапката а остатокот да го пренесе во Буџетските средства на РМ при НБРМ со жиро сметка 1000000000630 95, сметка на буџетски корисник 2901000922 696 13, приходна шифра 725939 програма 20.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Предлагачот Рахим Демири од Струга, до овој суд поднесе предлог за отворање на стечајна постапка према стечајниот должник Трговско друштво за трговија и услуги Демири Рахим ГЕНИ - КОМЕРЦ Струга ДООЕЛ со седиште во Струга.

За да се утврди дали се исполнети условите за отворање стечајна постапка судот поведе претходна постапка и го именува Зоран Стојкоски за привремен стечаен управник.

На одржаното рочиште привремениот стечаен управник достави извештај со наод и мислење според кое, врз основа на изведените докази произлезе дека должникот нема имот кој би влегол во стечајната маса или истиот е недоволен и за намирување на трошоците на таа постапка, бидејќи е со незначителна вредност.

Имајќи го во предвид наведеното согласно член 68 став 1 од Законот за стечај, се одлучи како во изреката на решението.

Стечаен судија,
Лазо Ѓоргоноски с.р.

**ПОУКА:** Против ова решение дозволена е жалба во рок од 8 дена од објавувањето во Сл. В на РМ до Апелациониот суд во Битола

**Д-ви на :**
* предлагачот,
* приврем.стечаен управник
* ВЕБ страната на судот
* Сл.В. на РМ

**По правосилноста на:**
* Централен регистар
* Депозитната банка